# MILICA PETROVA
## NEGOTIN, FYR MACEDONIA

TO BE BORN AT DAWN, ONE LATE SUMMER MORNING IN 1989:
*A PRIVILEGE OR A CURSE?*





The last footsteps of an idealistic system are still audible. Initially, you can only hear a distant and hesitant rumble, but gradually the noise gets louder, more resounding and more assertive. Individual spirit crushed underground is rising up and fighting for its own voice, for everyone's free choice to express his or her own opinion. Deep into the night is emerging the beginning of a long finale, with its ugly grin, threatening a merciless bloodbath between brothers and sisters, up until now kept together artificially. Suddenly, they see in their neighbour their worst enemy.

Yet again, the small and tasty "apple of discord" – Macedonia – was caught up in turmoil: this time in the wave of transition sweeping through Eastern Europe. Troubled throughout their history Macedonians faced a dual reality. On the one hand, fate offered them wings so that they could fly freely across their own Macedonian sky, lit up by this yellow sun with its sixteen shining rays. On the other hand, if someone took a closer look at the happy flight of the free spirit that had earlier been fettered in chains, they would spot the approaching cloud. It forecast many tears for this newly-created "oasis of peace", followed by hunger, poverty and cunning survival: all that the price of loving your motherland.

Transition was marked by a showdown between the state and its people. It had two sides: on the one hand, painful privatisation, and on the other, unavoidable steps towards a more rational functioning of society. That meant sad-looking fathers standing outside the factories where they spent the best of their lives, remembering how they built those places from scratch and earned an honest living. Now they had to return home and tell their children: "That's it, we've gone bust..." How would they now look after their families?

Those were years of struggle for survival in which some families ended up on the edge of a cliff, while others took off – their success due more to their capitalist aspirations than democracy. But gradually privatisation started showing its benefits too. The craftsmen found a way to express themselves. The smart ones got ideas. The skilled people put them into practice. So in this way, little by little, standards improved and Macedonia started looking like a democratic society with a multi-party system, where each citizen had the same rights and responsibilities according to the constitution.

The people of Macedonia are brave and no "transition fever" will ever stop their progress and survival for centuries to come. It's a nation with strong and indestructible roots. So the Macedonians just got on with it and started putting together the pieces of their new existence. This all happened at a time when our newly-found independence had fragile

foundations – like glass. Over the last two decades those pillars collapsed more than once and lessons had to be learned from our mistakes.

At one point the whole ideal which Macedonians had aspired to for centuries was shaken and about to collapse. It was all because of a violent storm that came out of the blue, on a foggy winter morning in 2001. One of the larger ethnic groups living on Macedonian soil had decided to resolve the ethnic problems of the area with blood. Surprised by this sudden aggression, Macedonians found themselves besieged in their own country. After a few months of violent frenzy, the warring sides finally sat down at the table and brought to light the Framework Agreement, which ensures all ethnic groups in Macedonia have the same treatment as those born Macedonians.

Today Macedonia is an ethnic idyll in this part of Europe. It's one of the few states which recognises the existence of other ethnic communities as well as their languages, culture and religion. It values them and embraces them in modern Macedonian society. To show that it truly respects the cultural identity of the state's ethnic groups, Macedonia is seriously considering introducing Albanian lessons for Macedonian schoolchildren. This speaks volumes about the openness and generosity of the Macedonian soul.

But changing the constitution wasn't the only thing Macedonians did on the road to their long-cherished goal of joining Europe. All the time the country is introducing wide-ranging educational reforms to make European integration more accessible to its citizens. It starts with renovation of school buildings to make them a better place to work and continues through promoting lifelong learning, training, keeping up-to-date with progress, following world trends in science and technology, and introducing the European Language Portfolio. This encourages multi-lingualism, which means the study of many European languages. It also leads to respect for multi-culturalism and the diversity of Europe in terms of its traditions, customs, culture, history and religion. Learning foreign languages makes people more independent. The projects "a computer for every child" and "free internet for every citizen" sit at the top of this pyramid of reforms. Those two explain why Macedonia is moving now more quickly towards Europe.

The kind hearts of all Macedonians are now gathered around a guiding star that shines brightly and leads towards the creation of a better place for the youngest generation, the ones who will build the future of Macedonia. The unforgettable singer Toshe Proeski who died in 2007 was a gift from God; he inspired and encouraged the Macedonian people to do only good things. Through his music he spread good will and showed everyone how life should be lived. Two weeks before his sudden death he united twenty thousand Macedonians and several million TV viewers in the biggest concert ever aimed at raising the teaching standards in schools.

His last message to the world was about being human, helping your neighbour, and helping the most innocent and pure in this world: the children. God gave us Toshe Proeski, our angel, for a reason, and He took him away from us for a reason. Toshe accomplished his mission – now it's time to see its results, and for Macedonia to become an oasis for people who care for one another and help those in need.

Visa-free travel for Macedonians to the EU which began 19 December 2009 opened a bright gate of new opportunities. It introduced the young to clever ideas, new cultures and shared experiences, bringing down walls, marking Macedonia's escape from a siege. All this gives Macedonians hope for a more accessible Europe, of centuries-old dreams come true, of greater freedom of the creative spirit, of higher standards of living. Step by step, we get closer to Europe, our ultimate destination. It's every Macedonian's dream to see their homeland as a member of the European Union, equal to other European civilisations.

Looking back at my country's last twenty years has made me think of how badly the last century ended, and of the hopes the new millennium brings. The difficulties in our recent past make my present day sweeter than anything. More than anything now I appreciate free thinking, because my parents were not allowed to express themselves and were forced into silence: they were subjected to a system which today seems unthinkable to me.

I am happy that I live in Macedonia and I'm part of an academic community working towards a bright future for our country. There is only one sun in the world and it shines equally on all nations.

Macedonia has earned the right to be part of Europe and part of the world, and I and other young people who believe in a democratic society will be trying to prove this. Finally I'd like to stress that being born in 1989, having witnessed so many changes in society in just twenty years, is a real privilege. It means I can see a wider world, a world beyond the horizon, and that makes me a happier person than ever.

**milica_petrova@yahoo.com**

# МИЛИЦА ПЕТРОВА
# НЕГОТИНО, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Родена во раните мугри на едно доцно летно утро во годината 1989, привилегија или клетва? Се слушаат последните чекори на владеењето на еден идеалистички систем. Од почеток, се забележуваат само тивки и несигурни татнежи, кои со текот на времето стануваат се почујни, погромогласни и полни со самодоверба. Се издигнува од под земја закопаното его и се бори за глас, за слободен избор,за правото секој да го каже своето сопствено мислење. Далеку во ноќта се гледа почетокот на една долга завршница и непристојно се смешка,заканувајќи се со немилосрдно крвопролевање помеѓу дотогаш вештачки сплотените браќа и сестри, кои за миг во соседот до себе го препознаа својот најголем непријател.

Малечкото вкусно ,,јаболко на раздорот'' и овојпат не беше поштедено од транзициониот бран што ја зафати Источна Европа. Намачени и напатени долж историјата на времето, Македонците се соочија со судбината што за нив имаше две лица. Од една страна таа им пружаше крила, да летаат слободно на своето сопствено македонско небо осветлено од жолтото сонце со шеснаесетте блескави краци. Од друга страна пак ако некој се загледаше подлабоко во среќниот поглед на слободната мисла, претходно окована со пранги, ќе можеше да го забележи надвиснатиот облак кој прогнозираше пролејување на многубројни солзи за новосоздадената ,,оаза на мирот'' проследена со гладување, невработеност, беспарица и уметничко преживување за љубов кон татковината.

Една од позначајните транзициони пресметки со народот и државата претставува од една страна болната приватизација, а од друга страна неминовниот чекор кон рационално функционирање на општествениот систем. Имено, татковци со тажни лица стојат на прагот од фирмите во кои ги оставиле своите најубави години од животот, се потсетуваат како цигла по цигла ја граделе фабриката и чесно го заработувале својот леб, за денес да појдат дома кај своите деца и да им кажат: ,,Готово е. Отидовме под стечај.'' Како ли сега тие ќе се грижат за своето семејство? Поминаа години борба за егзистенција каде некои семејства се најдоа на работ на пропаста, а некои други пак се вивнаа во полетот кој повеќе личеше на капиталистичко општество отколку демократско. Но, со текот на времето, приватизацијата почна да ја осветлува својата добра страна. Занаетчиите дојдоа до израз. Паметните добија идеи. Вредните ги реализираа идеите. И така малку по малку премногу ниските стандарди започнаа да закрепнуваат и Македонија почна да наликува на современо демократско општество со повеќепартиски систем каде секој граѓанин исто одговара пред силата на у ставните закони. Македонскиот народ е неустрашлив и ниту грам од транзиционта треска нема да го спречи да закрепнува и опстојува во идните столетија. ,,Пирејот'' е неуништлив, колку повеќе сакаш да се ослободиш од него, толку повеќе тој зајакнува и пушта жилави корени длабоко во земјата, двојно понеуништливи и поиздржливи. Така, Македончето почна вредно да го реди коцка по коцка мозаикот на својот нов живот. Сепак, околината придонесе темелите на новосоздадената самостојност да бидат со стаклени столбови и во текот на последниве две децении неколку пати тие да доживеат распарчување и повторно и повторно да се обновуваат поучени од грешните чекори.

Во еден момент целата кула од карти што Македонците со векови ја градеа, беше разнишана, и сосем на работ на распадот, предизвикана од силна неочекувана бура во едно магливо зимско утро во годината 2001. Имено, една од поголемите етнички групи кои живеат на македонско тло одлучи со крв да ги реши етничките проблем-прашања за ова миротворно поднебје. Изненадени од неочекуваната агресија, Македонците повторно беа сардисани во својата сопствена држава. По неколкумесечно беснеење на автоматските пушки, конечно спротивставените сили седнаа на маса и го донесоа на виделина Рамковниот договор со кој етносите во Македонија добиваат ист третман со родените Македонци. Во денешно време Македонија претставува етничка идила во рамките на Европа бидејќи е една од ретките држави која го признава постоењето

на другите етнички заедници како и нивниот јазик, култура и вероисповест кои се ценат и инфилтрираат во современото македонско општество. За да докаже дека навистина го почитува културниот идентитет на етносите во државата, Македонија сериозно размислува да го воведе албанскиот јазик да се изучува од прво одделение од страна на Македонците, што зборува за отвореноста и широкоградоста на македонското срце.

Промените во Уставните закони не се единствените промени што Македонија ги направи за да се доближи до одамна посакуваната Европа. Таа е константно подложна на крупни реформи во образованието се со цел евроинтеграцијата да биде подостапна и поуспешна за македонските граѓани. Почнувајќи од драстично реновирање на сите училишни институции за подобрување на физичките услови за работење, продолжувајќи со стимулирање на доживотното учење кое подразбира понатамошно усовршување, доквалификација, држење чекор со времето, следење на светските трендови во науката и технологијата, па до воведување на Европското Јазично Портфолио. Тоа стимулира плурилингвизам што подразбира изучување на повеќе европски јазици, понатаму плурикултурализам што значи почитување на разновидноста на Европа во поглед на традиција, обичаи, култура, историја, религија, итн. Како и стекнување на автономност во учењето странски јазици. Како врв на пирамидата реформи се покажуваат проектите „компјутер за секое дете" и „бесплатен интернет за секој граѓанин" кои го определија забрзаното темпо со крупни чекори кон Европа.

Хуманите срца на Македонците собрани сите во една ѕвезда водилка која сјајно свети и ги обединува во реализирањето на добри дела за најмалите, за поколенијата кои ќе ја градат иднината на Македонија. Непрежаланиот Тоше Проески претставуваше Господов дар кој го инспирираше и поттикнуваше македонскиот народ на исклучиво добри дела. Преку неговата музика ја сееше својата добродушност и му покажуваше на светот како треба да се посвети животот. Две недели пред неговата ненадејна смрт тој обедини дваесет илјади Македонци во најмасовниот концерт досега за подобрување на квалитетот на наставата во училиштата и уште неколку милиони гледачи пред телевизиските екрани. Тој ја кажа својата последна порака кон целиот свет, да се биде хуман, да се помогне на ближниот, на соседот, на најмалите и најмилите, а тоа се најневините суштества на светот, децата, најискрените и најчистите во мислите. Господ ни го даде Тоше, ангелот наш, со причина, и ни го зеде повторно со причина. Тој своето дело го заврши, сега е на ред да никне семето што го посеја и Македонија да стане оаза на хумани лица кои ќе се грижат еден за друг и ќе најдат начин да му помогнат на оној што е во неволја.

00:00, 19.12.2009 се отвори една светла порта која нуди многу можности. Просветлување на идеите на младиот човек, запознавање на нови култури и споделување на искуства, уривање на ѕидови наметнати од визниот режим, ослободување на Македонија од замрзнати граници. Сето ова зборува за визната либерализација која на Македонците им влева надеж за подостапна Европа, за реализирање на вековни соништа, за поголема слобода на творечкиот дух, за покачување на економските стандарди на живеење. Чекор по чекор, стигнуваме поблизу до Европа, нашата крајна дестинација. Сон на секој Македонец е да ја види својата татковина како членка на Европската Унија, рамноправна со останатите Европски цивилизации.

Ретроспективното гледање на текот на последните дваесет години во мојата татковина ме натера да се потсетам на ужасната завршница на минатиот век и на надежите што новиот милениум му ги донесе на мојот народ. Денес слободата ми е послатка од било што, затоа што имав тешко транзиционо минато. Денес слободната мисла ја ценам повеќе од се, зашто некогаш на моите родители не им било дозволено слободно да се изразат туку напротив биле принудени покорно да молчат а да се потчинат на еден за мене незамислив систем. Денес сум среќна што живеам во Република Македонија и сум дел од академските граѓани кои допрва ќе делуваат и ќе и носат светла иднина на својата татковина која го заслужува само најдоброто. Има едно сонце на светот и исто грее за сите народи. Македонија заслужува да биде дел од Европа и дел од светот,а јас ќе бидам таа што ќе се обиде да го докаже тоа заедно со уште еден куп млади луѓе кои веруваат во демократското општество. На крај ќе потенцирам дека да се биде роден во 1989, да се биде сведок на промена на неколку видови општества за краток временски период од само две децении е секако привилегија која ми овозможува да го перципирам светот со поотворени хоризонти и неминовно ме прави посреќна личност од кога и да е.

**milica_petrova@yahoo.com**